**В О В Е Д**

Оваа книга ја пишувам за Моите соученици и моите учители, со кои учев во ист клас во Основното училиште Кирил Пејчиновиќ во Лешок, Осмолетката Кирил Пејчиновиќ во Теарце и во Гимназијата Кирил Пејчиновиќ во Тетово и за нашиот учител денес Свети Кирил Лешочки.
Сметав дека е добро најнапред како вовед да напишам едно поглавие за традицијата на свештено учителствувањето и просветителството во Лешок и Лешочкиот манастир во минатото, се до 1956 година, кога Јас и мојата генерација 1949/50, за прв пат се запишавме во прво одделение во учебната 1956/57 година..
Во 2019 година напишав книга под наслов: Мојата Генерација ученици 1949/50 од Лешок, Македонија, во која најмогу се задржав на Мојата генерација ученици, со кои заедно учевме во Основното училиште Кирил Пејчиновиќ во Лешок (Р. бр. 63 и 69 ).

Во оваа книга само во скратена верзија ќе се задржам на моите соученици и учители во поглавието **I. Основното училиште од Лешок** и во поглавието **II. Осмолетка Кирил Пејчиновиќ, Теарце**, бидејќи поопширно пишував во погоре цитираната книга (Р. бр. 63 и 69, стр. 35 -74, стр. 75-94, и стр. 96-193).

Во оваа книга најопширно и најмногу се задржувам во поглавието **III. Гимназијата Кирил Пејчиновиќ во Тетово**, за Мојата Генерација ученици родени 1949/50 година, со кои заедно учевме и заедно матурираме во 1968 година. Имено, текстот за ова поглавие е на 70 страници со многу податоци, портрети и фотографии од школските денови и од Средбите на матурантите, бидејќи сметав дека матурата е најважниот и преломен дел од нашиот живот и дека со матурирањето, ние учениците веќе сме созреани личности самостојно да го трасираме идниот пат на животот со студирање на факултет или со вработување и создавање и своја фамилија.

Во оваа книга напишав едно кратко поглавие под **IV. Економскиот факултет во** Скопје за студиите и за Средбите на економистите, второ поглавие под **V. Службата на општественото ниговодство на Република Македонија-Централа, Скопје**, за моето работење во Службата (СОК) и трето поглавие под **VI. ТИМ Консалтинг, Скопје**, за моето последно вработување. За овие три поглавија запишав поопширни текстови и фотографии во книгата ( Р. бр. 64).

Во оваа книга ќе се задржам на нашата Генерација ученици родени 1949/50, кои учевме во трите школи во Лешок, Теарце и Тетово, кои го носеа името на јеромонахот Кирил Пејчиновиќ, а денес, 2024 година, светителот Кирил Лешочки.
Оваа книга е моја комплетна идеја, запишување на зборовите и реченици, до компјутерско и графичко уредување на текстот и фотографиите и со одредени консултации со синот Огнен.
Оваа книга ја отсликува мојата личност, учење и знаење, кои сум ги собирал во глава, најнапред во Лешок и во другите средини во Македонија и светот.
Оваа книга за да изгледа вака, Јас, сум ги забележувал и меморирал лицата, предметите и настаните, уште кога бев дете, а посебно кога почнав да одам на училиште, учев и се дружев со соучениците од Мојата Генерација родени 1949/50 година, со кои учевме во Основното

училиште Кирил Пејчинович во Лешок во Школската 1956/57 до 1959/60, во Осмолетката Кирил Пејчинович во Теарце во Школската 1960/61 до 1963/64 и во Гимназијата Кирил Пејчинович во Тетово во Школската 1964/65 до 1967/68 година.
Секако дека ние се дружевме и со учениците од другите генерации, ги слушавме, учевме и се образувавме од нашите учители, а секако учевме и се воспитувавме од нашите семејства и други лица од Лешок и Полог и тие ќе најдат свое место во оваа книга.
Целокупното учење и знаење на секој човек од раѓањето, па, се до крајот на животот се меморира во неговиот мозок од кое зависат и сите однесувања и активности на човекот.
Обично личноста ја гледаме во ликот односно главата, а јас, авторот и фотограф на оваа книга, од групните фотографии, направив портрети на секој ученик и учител, со што појасно ќе се оцрта, окарактеризира и погледне и препознае секоја личност на сликите.
Во минатите децении со помош на Господ, напишав десетина книги, кои се однесуваат на моето родно село Лешок и мојата фамилија и род Спироски и стручни книги за даноците.
Пишувајќи ги книгите и кога не бев во Лешок, Јас, пак бев во Лешок и немаше човек, или сила да ме спречи, освен Господ, барем со мислите и во книгите да сум во Мојот Лешок.
Со Господова помош, изградивме викендица на Кале во Лешок, со што направивме услови за престој и одмор на моето семејство и моите пријатели. Така, се створија услови да бидам во Лешок, да уживам во природата и да продолжам да пишувам книги и текстови за мојот животен пат, за семејство, за Лешок и родниот крај, меѓу кои е и оваа книга, која ја посветив на Мојата Генерација и на нашиот светител Кирил Лешочки.
Здравстевената состојба ми се влоши и благодарение на Господ и на кардиологот д-р Жан Митрев со неговиот тим и посебно д-р Енвер Идоски, ја напишав оваа книга и други книги.
Книгата изобилува со податоци, потоа со стари фотографии и мои фотогарфии и позајмени, под кои внесов, лица, време и место на настанот.
Со овој концепт на книга, од групните фотографии да направам портрети, потоа да внесам име и презиме, место, време и други податоци за секој ученик и учител, сметам дека ќе дадам мој мал придонес нашата Генерација 1949/50 да влеземе во незаборавот на деца родени или кои живееле во Лешок, Теарце, Тетово и Полог, Македонија.
Секоја слика-фотографија има своја приказна, а оваа книга е полна со слики и со животни приказни на нашата Генерација ученици, но, и на други генерации од Лешок.
Но, тоа е животот, после нашите приказни, ќе дојдат нови животни приказни на нашите деца, внуци, правнуци, кои се фотографирани во новите дигитални фотографии, мобилни телефони и објавени на разни Веб сајтови, Фејсбук, Вибер, Месинџер и др.
На секоја страна ги внесов сонцето и крстот, кои се вечни симболи на Мојата фамилија и род Спироски- Лалошои од Лешок и на Македонскиот народ (Р. бр. 1, стр. 650-657).
Во книгата внесов посебно поглавие со кратки податоци за секој мој соученик од мојот клас IV-2 од Гимназија, а внесов и повеќе мои фотографии во боја од Средбите на Генерацијата, кои ги направив со моите фотоапарати и камери, како и со мобилните телефони.
Најискрено им се заблагодарувам на сите кои ми позајмија фотографии или ми дадоа некои податоци или сугестии, кои ги внесов во оваа книга.

Лешок, 15 март 2024, Митко Поп Спироски